**Одлука бр.17**

Управниот одбор на Тениска Федерација на Северна Македонија на својата редовна седница одржана на 29.12.2025 година, ја донесе следната:

## О Д Л У К А
## за определување и начин на бодување на тенисерите за постигнатите меѓународни резултати кои ќе бидат дел од програмата-субвенции во спортот за 2026 година

**Член 1**

Управниот одбор на ТФСМ - Скопје го определува и појаснува начинот на бодување на тенисерите за постигнатите меѓународни резултати кои ќе бидат дел од програмата-субвенции во спортот за 2026 година за кои се аплицира во Министерството за спорт.

**Член 2**

Тениска Федерација на Северна Македонија ќе ја креира ранг-листата на тенисери за влез во системот на финансирање на Министерството за спорт, според следните критериуми:

1. Пласман на тенисерите на меѓународните ранг-листи во 2025 година:
    - За мажи и жени до 1000 место на АТП и ВТА ранг-листата
    - За мажи и жени од 1001 до 1800 место на АТП и ВТА ранг-листата
    - За јуниори и јуниорки до 18 години до 300 место на ИТФ ранг-листата
    - За јуниори и јуниорки до 18 години од 301 до 700 место на ИТФ ранг-листата
    - За јуниори и јуниорки до 18 години од 701 до 1100 место на ИТФ ранг-листата
    - За јуниори и јуниорки до 14 и 16 години до 150 место на Tennis Europe ранг-листата
    - За јуниори и јуниорки до 14 и 16 години од 151 до 300 место на Tennis Europe ранг-листата
    - За јуниори и јуниорки до 14 и 16 години од 301 до 500 место на Tennis Europe ранг-листата
2. Пласман на официјалните ранг листи на Тениска Федерација на Северна Македонија (Интернационален ранкинг од 1 до 3 место) за категории 14, 16, 18 години и за Мажи и Жени во 2025 година или Државните прваци во поединечна конкуренција во 2025 година
3. Постигнати резултати на меѓународни турнири организирани од ИТФ, Tennis Europe, ATP и WTA во категориите 12, 14, 16, 18 години и за Мажи и Жени во 2025 година
4. Учество во репрезентациите на Тениска Федерација на Северна Македонија за категории 12, 14, 16, 18 години и за Мажи и Жени во 2025 година

**Член 3**

Табела по која ќе се изврши рангирањето на тенисерите:

| Критериум 1<br>Пласман на тенисерите на меѓународните ранг-листи | Критериум 2<br>Пласман на официјалните ранг листи и/или државни прваци | Критериум 3<br>Постигнати резултати на меѓународни турнири | Критериум 4<br>Учество во репрезентациите |
|---|---|---|---|
| - Ранг до 1000 место на АТП или ВТА (75 бода)<br>- Ранг од 1001 до 1800 место на АТП или ВТА (50 бода)<br><br>- Ранг до 300 место на ИТФ (75 бода)<br>- Ранг од 300 до 700 место на ИТФ (50 бода) | - Интернационален ранкинг – 50 бода<br>- Државен првак – 35 бода<br>- 1 место – 35 бода<br>- 2 место – 25 бода<br>- 3 место – 10 бода<br><br>Се зема предвид еден пласман | Согласно член 4 од оваа Одлука<br><br>Се зема предвид најдобриот резултат. | 25 бода<br><br>Се зема предвид едно учество |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - Ранг од 701 до 1100 место на ИТФ (30 бода)<br><br>- Ранг до 150 место на Tennis Europe (50 бода)<br>- Ранг од 151 до 300 место на Tennis Europe (30 бода)<br>- Ранг од 301 до 500 место на Tennis Europe (15 бода) | | | |

**Член 4**

Во следната табела е наведен начинот на доделување на бодовите за спортистите во врска со критериум 3 за постигнатите меѓународни резултати:

| Турнири од календарите на ИТФ (Интернационална Тениска Федерација и Тенис Еуропа (Европска Тениска Федерација) | 30 бода | 15 бода | 10 бода |
|---|---|---|---|
| Теннис Европа категории: А, Супер и Прва | 1/4 финале сингл, 1/2 финале двојки | Горна половина на жребот, 1/4 финале двојки | Долна половина на жребот за сингл, 2ро коло двојки |
| Тенис Европа 2ра категорија: | Финале сингл | Горна половина на жребот во сингл, 1/2 финале двојки | Долна половина на жребот за сингл, 1/4 финале двојки |
| Тенис Европа 3та категорија: | | 1/4 финале сингл, финале двојки | Долна половина на жребот во сингл, 1/2 финале двојки |
| Тенис Европа до 12 години, 2ра категорија: | 1/2 сингл, победник двојки | 1/4 финале сингл, финале двојки | Долна половина на жребот во сингл, 1/2 финале двојки |
| ИТФ категории: А, 1ва и 2ра | 1/4 финале сингл, 1/2 финале двојки | Горна половина на жребот | Долна половина на жребот |
| ИТФ 3та категорија | 1/2 финале сингл, финале двојки | Горна половина на жребот | Долна половина на жребот |
| ИТФ 4 и 5 категорија | Финале сингл, победник двојки | Горна половина на жребот, финале двојки | Долна половина на жребот во сингл, 1/2 финале двојки |
| Професионални турнири во организација на ИТФ наградни фондови: 15.000, 25.000, 60.000, 80.000, 100.000 американски долари во поединечна конкуренција | 1/4 финале сингл, 1/2 финале двојки | Горна половина на жребот во сингл | Долна половина на жребот, 1/4 финале двојки |

**Член 5**

Оваа одлука стапува на сила со денот на нејзиното донесување, а се однесува за 2026 година.

Тениска Федерација на Северна Македонија
Претседател на Управниот Одбор
Александар Ивановски

Скопје, 29.12.2025 година